РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 25-1093/3
04. 03. 2025 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

**Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес**

Бр.02-
март 2025 година
Велес

**До**
**Совет на Општина Велес**

Врз основа на член 17-г став (4) од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на Републиика Македонија'' бр.338/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.75/19, 89/22 и 274/22 и 208/24) и член 7 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за projавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите (,,Службен весник на Републиика Северна Македонија'' бр.213/24), Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес формирана со Решение арх.бр.25-2123/22 од 27.04.2023 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав: Марија Чатмова-претседател,Зорица Миладиновска -член и Сашко Ѓорѓиев-член, го предлагаат следниот кандидат за член на Управниот одбор на ЈКП ,,Дервен''-Велес:

- Емилија Андовска работно искуство од областа на правните работи- 60 бода
  1.Административна селекција (фаза 1)
  - -бодови за стекнато образование-10 бода и
  -бодови за работно искуство во струката-10 бода
  2.Интервју (фаза 2)
  -ситуациони прашања-20 бода и
  -стручни прашања-20 бода

.

Имено, по спроведената постапка на селекција (административна селекција-фаза 1) спроведена на 20.02.2025 г.. и (интервју-фаза 2), спроведено на 03.03.2025 г., Комисијата констатираше дека на Јавниот повик за избор на член на управен одбор на ЈКП ,,Дервен'' Велес бр.25-841/17 од 29.01.2025 г.уредно е пријавен само еден кандидат и истиот ги исполнува условите утврдени во Јавниот повик

-

**Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес**

Марија Чатмова, Претседател-----------------
Зорица Миладиновска,член ____________
Сашко Ѓорѓиев, Член________________

ОПШТИНА ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 02-1093/2
03.03.2025 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

**Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес**

Бр.02-
март 2025 година
Велес

Врз основа на член 17, 17-б и 17-в и 17-г од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на Републиика Македонија'' бр.338/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.75/19, 89/22 и 274/22 и 208/24), член 4 член 5 и член 6 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите (,,Службен весник на Републиика Северна Македонија'' бр.213/24), Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавно комунално претпријатие ,,Дервен'' Велес формирана со Решение арх.бр.25-2123/22 од 27.04.2023 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав:

1.Марија Чатмова-претседател
2.Зорица Миладиновска-член
3.Сашко Ѓорѓиев-член

за својата работа, го изготви следниот

**ЗАПИСНИК**

Состанокот на Комисијата одржан на 20 февруари 2025 година, започна во 12,30 часот и со него претседаваше претседателот на Комисијата, Марија Чатмова.

На состнокот на Комисијата присуствуваа членот Зорица Миладиновска и членот Сашко Ѓорѓиев.

Согласно член 17-б и член 17-в од Законот за јавните претпријатија, Комисијата спроведе административна селекција на кандидатот за член на управен одбор на ЈКП Дервен, уредно пријавен на Јавниот повик за избор на членови на Управен одбор на ЈКП Дервен Велес бр.25-841/17 од 29.01.2025 година

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесената пријава со условите утврдени со Јавниот повик и Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и врз основа на член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,начинот на поднесување на пријавата, обрасците за

пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите, изврши бодуваше на пријавениот кандидат

Врз основа на спроведената административна селекција Комисијата констатираше дека на Јавниот повик е пријавен само еден кандидат и истиот ги исполнува условите утврдени во Јавниот повик, при што изврши бодување на доставените докази:

- Емилија Андовска-работно искуство од областа на правните работи- 20 бода.
  -бодови за стекнато образование-10 бода
  -бодови за работно искуство во струката-10 бода

Состанокот на Комисијата заврши во 13,30 часот.

**-Интервју-фаза 2**

По спроведената административна селекција, Комисијата на ден 03.03. 2025година, спроведе интервју со кандидатот кои ја помина административната селекција.

Интервјуто започна во 14 часот во Електронската сала на Општина Велес.

На интервјуто беа поставувани ситуациони прашања со цел да бидат проверени општите работни компетенции за член на управен одбор на јавното претпријатие, како и стручни прашања, практични задачи за да се проверат посебните работни компетенции на кандидатот.

Врз основа на спроведеното интервју, Комисијата го изврши следното бодување:

-Емилија Андовска-работно искуство од областа на правните работ 40 бода.
-ситуациони прашања-20 бода
-стручни прашања-20 бода

**Комисијата за селекција за избор на членови во управен одбор на Јавнокомунално претпријатие „Дервен" Велес**

Марија Чатмова, Претседател__________
Зорица Миладиновска, Член__________
Сашко Ѓорѓиев, Член__________

Предлог

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 89/22 и 274/22),член 7 став 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата,обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија” бр 213/24 ), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес (,,Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на 62–та седница одржана на ден __.03.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на член на управен одбор**
**на ЈКП ,,Дервен Велес**

1.Со ова решение се именува за член на управен одбор на ЈКП ,,Дервен’’ Велес

________________________________ .

2.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Со Одлука за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на управен одбор на ЈКП ,,Дервен'' Велес заведена под архивски бр. 25-841/17 од 29.01.2025 година од страна на Советот на Општина Велес се објави Јавен повик за избор на член на Управен одбор на ЈКП ,,Дервен'' со бр.25-841/19 од 29.01.2025 година.

Врз основа на член 7 став 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 213/24 ) и Записникот за спроведена постапка за селекција за избор на членови во Управниот одбор на ЈКП ,,Дервен'' Велес со архивски бр.02-1093/2 од 03.03.2025 година.

Со цел непречено функционирање на управниот одбор на ЈКП ,,Дервен'' Велес се предлага ова Решение за именување член на управен одбор на ЈКП ,,Дервен'' Велес до Советот на Општина Велес.